# Програма на Комисијата за еднакви можности на Општина Кавадарци за 2023 година

# 1.Вовед

Врз основа на Националната стратегија за родова еднаквост која е основен стратешки документ на Република Македонија со оваа Програма се стремиме кон унапредување на состојбата на родовата еднаквост во согласност со законските обврски, регулативи и зајакнување на положбата на жената во локалната заедница.

Општината се соочува со економска и енергетска криза, како и со последици од Ковид панедемијата во која први на удар беа жените. Со оваа програма сакаме да ги зајакниме позициите на жените во јавниот и приватниот сектор. Главни предизвици во постигнување на родова еднаквост во општината се ниското ниво на економска активност на жените, ниското учество на жените во донесување на важни одлуки како е недостигот на родово разделена статитика во јавните институции. Предизвици со кои се соочуваат жените во општина Кавадарци се традиционалните родови улоги и стереотипи кои се провлекуваат со векови, интерсекциска дискриминација и отежнат пристап до информации, одредени услуги и високата стапка на насилство врз жените.

# 2. Анализа на состојбата

Општина Кавадарци има изработено Социјален план за 2021-2024 година каде имаме направено мапирање на состојбата жените и мажите на пазарот на трудот, жените и мажите жртви на семејно насилство, лица со попреченост, самохрани родители, жени и мажи на раководни функции во општината. Податоците од овој социјален план се доволен индикатор кој укажува на тоа кои се приоритетни цели и потреби кај мажите и жените.

Во вкупното резидентно население на Република Северна Македонија 50,4% се жени, а 49,6% се мажи.

Исто така во системот за евиденција на барања на граѓани во граѓанскиот информативен центар во општина Кавадарци имаме пристап до информации за тоа какви барање имаат мажите какви жените, колку од нив се однесуваат на комунални дејности, колку на урбанизам, вработување, помош и друго.

Прашалниците кои беа изработени од Комисијата за еднакви можности јасно ги покажаа потребите и состојбата на жените во локалната заедница.

## 3. Цели

1.Подобрување на информираноста на мажите и жените за сервисите и услугите кои можат да ги користат во јавните институции во рамките на локалната самоуправа и комисиите при советот.

2.Зајакнување и поттикнување на женското претприменииштво во локалната заедница

3.Подигнување на свеста кај мажите и жените родовата еднаквост во средината во која живеат

## 4.Области на делување

4.1 Приоритетни области

- Женско претприемништво
- Земјоделство
- Рурален развој
- Зајакнување на локалната машинерија за еднакви можности
- Здравство

## 5.Мерки

1. Унапредување на положбата на жените во земјоделството
2. Зајакнување на механизмите за унапредување на родова еднаквост во јавните институции

Активности по области

5.1 Приоритетна област-Женско претприменииштво

5.1.1.Едукативни работилници во 3 средни училишта на тема ,, Претприменииштво” со фокус на ,,Женското претприемништво” и награден конкурс за најдобар бизнис план

### Индикатор за активноста

Број на 60 присутни ученици машки и женски средношколци кои ќе присуствуваат на едукативните работилници во средните училишта.

### Очекуван резултат

Обучени најмалку 60 средношколци машки и женски на тема ,,Претприемништво”

## Таргет група

Ученици од средните училишта

5.1.2. Курсеви  за жени пожарникари

## Индикатор за активноста

Број на жени кои одат на  курсеви за пожарникари

## Очекуван резултат

Обучени 10 жени за курс за пожарникари во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување

## Таргет група

Жени кои преку обуките можат полесно да се стекнат со сертификат за курс за пожарникари и можат полесно да се вклучат на пазарот на трудот

6.1 Приоритетна област: земјоделство и рурален развој- Поддршка на активни женски членови во земјоделско стопанство

6.2.1 . Работни средби на жени од рурални средини за користење на мерките за регистрирање на млади земјоделци

6.2.2 Помош при аплицирање и достава на документација за јавни повици за жени земјоделки

6.2.3 Информирање за законските измени

6.2.4 Регионален гастрономски саем на традиционални земјоделски производи кои ги произведуваат жени

## Очекуван резултат

Посета и остварување на неформални работни средби со жени од 3 различни рурални средини (30 жени)

## Таргет група

Жени од рурални средини од Тиквешкиот регион

## 7.1.Приоритетна област: здравство

7.1.1 Обезбедување на бесплатни производи за менструална хигиена во училиштата(28-ми мај-ден на менструална хигиена) со цел да се зачува женското здравје

7.2.2. Одбележување на месец октомври- месец на рак на дојка, донирање на помошни перници изработени од пациенти на онкологија кои ги користат пациентите оперирани од рак на дојка и донирање на перика од природно влакно

## Индикатори за активности

-Број на ученички на кои ќе им бидат поделени бесплатни менструални производи

-Број на жени (пациентки на онкологија) кои ќе добијат помошни перници

- Број на жени кои ќе добијат перики

## Очекуван резултат

Обезбедување на средства за менструална хигиена во основни училишта со кои ќе бидат опфатени 100 ученички

Обезбедување на 30 помошни перници и 2 перики за пациенти со канцер на дојка

## Таргет група

Пациентки на онкологија

Мажи и жени кои се со малигни заболувања- канцер

## 8.1.Област: Зајакнување на локалната машинерија за еднакви можности

8.1.1 Организирање на настан со директорите/ките на јавните институции на тема ,,Родово- сензитивни институции прават родово одговорни заедници”

8.1.2 Изработка на Стратегија за родова еднаквост 2023-2027

8.1.3 Одбележување на празникот 8-ми март со кампања ,,Не сакам букет туку моите права”- делење на персонализирани картички

8.1.4 Организирање на традиционалниот ,,Кавадаречки маратон” 2023

8.1.5 Поставување на билборд за време на глобалната кампања ,,16 дена активизам против насилство врз жените”

8.1.6. Организирање на работни средби со граѓанки од месни и урбани заедници со цел стимулирање за учество на собири на граѓани кои се организирани од локалната самоуправа

## Индикатори за активности

-Број на присутни директори/ки на јавни институции на настанот

-Број на веб страни на јавните институции на кои е објавена родово разделена статистика

-Број на персонализирани картички поделени на јавни места за одбележување на празникот 8-ми март

-Број на пријавени учесници/чки на Кавадаречкиот маратон 2023 година

-Број на граѓанки присутни на собири кои ги организира Локалната самоуправа

## Очекувани резултати

-Присуство на 10 директори/ки на јавни институции на настанот

-Табели со родово-разделени податоци изготвени во јавните институции

-Изготвени 30 примероци од Стратегијата за родова еднаквост 2023-2027 година

-Поделени минимум 30 персонализирани картички со правата на жената

-Зголемен број на учеснички на Кавадаречкиот маратон во однос на 2022 година

-Намалување на бројот на жртви на насилство врз жени

## Таргет група

Жени од локалната заедница

Директори и директорки на јавни институции

## 9.1.Област- Зголемување на учеството на жените од урбаните и месните заедници во креирање на родово одговорни политики и програми на Општина Кавадарци

9.1. 1 Спроведување на анкетни прашалници за детектирање на потребите и проблемите на жените од урбаните и месните заедници

### Очекувани резултати

9.1.2 Одржани 3 работни средби со жени од сите месни и урбани заедници

9.1.3 Мапирање на потребите и проблемите на жените во локалната заедница

9.1.4. Спроведување на 2 работилници со жени и девојки од урбани и месни заедници за утврдување на приоритетите и прибирање на предлози/иницијативи кои би влегле во програмите на Општина Кавадарци

9.1.5 Изработка на анализа на потребите и проблемите на жените од разни урбани и месни заедници и внесување во документ

### Таргет група

Жени од разни урбани и месни заедници

## 4.5. Буџет

| Активности | | Финансиски средства |
|---|---|---|
| 1. | Едукативни работилници во средните училишта на тема „Женско претприемништво" и награден конкурс за најдобар бизнис план | 9.000 денари |
| 2. | Обука за жени пожарникарки | 20.000 денари |
| 3 | Поддршка на жени од рурални средини за нивно регистрирање како економски оператори | / |
| 4. | Помош при аплицирање и достава на документација за јавни повици за жени земјоделки | / |
| 4. | Регионален гастрономски саем на традиционални производи кои ги произведуваат жени од регионот | 20.000 денари |
| 5 | Обезбедување на бесплатни производи | 10.000 денари |

| | | |
|---|---|---|
| | за менструална хигиена во училиштата со цел зачувување на женското здравје | |
| 6. | Одбележување на месец октомври-месец на рак на дојка донирање на помошни перници изработени од пациенти на онкологија кои ги користат пациентите оперирани од рак на дојка и набавка на перика од природно влакно | 32.000 денари |
| 8. | Организирање на настан со директорите/ките на јавните институции на тема „Родово- сензитивни институции прават родово одговорни заедници” | / |
| 9. | Изработка на стратегија за родова еднаквост | 3.000 денари |
| 10 | Одбележување на празникот 8-ми март со кампања „Не сакам букет, туку моите права” - персонализирани картички | 3.000 денари |
| 12. | Учество на „Кавадаречки маратон” 2023 | 3.000 ден |
| 13. | Поставување на билборд за време на глобалната кампања „16 дена активизам против насилството врз жените | / |
| 14. | Спроведување на анкетни прашалници за детектирање на потребите и проблемите на жените од урбаните и месните заедници | / |
| 15. | Одржани 3 работни средби со жени од сите месни и урбани заедници | / |
| 16. | Спроведување на 2 работилници со жени и девојки од урбани и месни заедници за утврдување на приоритетите и прибирање на предлози/иницијативи кои би влегле во програмите на Општина Кавадарци | / |
| 17. | Изработка на анализа на потребите и проблемите на жените од разни урбани и месни заедници и внесување во документ | / |
| | Вкупно: | 100.000 денари |

| Ред.бр | **Активност** | **Време на реализација** | **Носители и соработници** | **Буџет** | **Индикатори за успешност** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Едукативни работилници во средни училишта на тема „Женско претприемништво" и награден конкурс за најдобар бизнис план | февруари | Координаторка за еднакви можности<br><br>Обучувач | 20.000 мкд | 60 ученици кои ќе бидат присутни на едукативните работилници |
| 2. | Обука за жени пожараникарки во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување | мај | Комисија за еднакви можности<br><br>Обучувач | 100.000 мкд | Број на обучени жени кои сакаат да работат „машки" професии |
| 3. | Работни средби на жени од рурални средини за користење на мерките за регистрирање на млади земјоделки | април | Членови на комисија за еднакви можности и<br><br>Координаторка за еднакви можности | ./ | Број на присутни жени на работните средби во руралните средини<br><br>Поднесени апликации за регистрација на жени земјоделки |
| 4. | Поддршка на жени од рурални средини за нивно регистрирање како економски оператори | април | Членови на Комисијата за еднакви можности | / | Број на присутни жени од руралните средини |
| 5 | Техничка поддршка на жени земјоделки при аплицирање и достава на документација за јавни повици | април | Членови на Комисијата за еднакви можности<br><br>Претставник од Министерство за земјоделство-ПО Кавадарци | / | Број на подготвени апликации |
| 5. | Регионален туристичко-гастрономски саем на традиционални производи кои ги | септември | Комисија за еднакви можности<br><br>Координаторк | 40.000 мкд. | Број на пријавени жени учеснички на настанот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | произведуваат жени од регионот | | а<br><br>Невладин сектор | | Број на изработни визит карти на учесничките на регионалниот туристичкиот-гастрономски саем |
| 5. | Обезбедување на бесплатни производи за менструална хигиена во училиштата | 28 ми мај ден на менструално здравје | Координаторка<br>Членови на Комисијата | 20.000 мкд | Број на поделени производи за менстуална хигиена |
| 6. | Одбележување на месец октомври-месец на рак на дојка донирање на помошни перници изработени од пациенти на онкологија кои ги користат пациентите оперирани од рак на дојка и набавка на 2 (две) перики од природно влакно | Октомври | Медицинско лице<br><br>Координаторка на Комисијата<br><br>Членови и претседателка на комисијата | 12.000 мкд<br>40.000 мкд | Донирани 40 помошни перници за пациенти оперирани од канцер на дојка<br><br>Донирани 2 перики изработени од природно влакно за пациенти со канцер на дојка |
| 8 | Организирање на настан со директорите/ките на јавните институции на тема „Родово-сензитивни институции прават родово одговорни заедници | јуни | Директори/ки на јавни институции<br><br>Координаторка за еднакви можности<br><br>Членови на Комсијата | / | Број на учесници/ки на настанот |
| 9. | Изработка на Стратегија за родова еднаквост 2023-2027 | Јули | Координаторка за еднакви можности<br><br>Интерсекторска група<br><br>Невладин сектор | 10.000 мкд | Број на учесници/чки во изработката на Стратегијата<br><br>Број на примероци на Стратегијата |
| | Одбележување на | 8-ми март | Членови на | 10.000 | Број на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 10. | празникот 8-ми март со кампања „Не сакам букет, туку моите права” - персонализирани картички кои ќе се делат на жени | | Комисијата за еднакви можности<br><br>Координаторка | мкд | поделени персонализирани картички со напишани правата на жената (40) |
| 11. | Спроведување на анкетни прашалници за детектирање на потребите и проблемите на жените од урбаните и месните заедници | август | Членови на Комисијата за еднакив можности<br><br>Невладин сектор | / | Број на анкетни прашалници кои ќе бидат одговорени |
| 12 | Одржани 3 работни средби со жени од сите месни и урбани заедници | септември | Претседателка Комисијата за еднакви можности Координатор за еднакви можности Невладин сектор | / | Број на граѓанки на работните средби |
| 13 | Спроведување на 2 работилници со жени и девојки од урбани и месни заедници за утврдување на приоритетите и прибирање на предлози/иницијативи кои би влегле во програмите на Општина Кавадарци | Октомври-ноември | Членови на КЕМ<br><br>Невладин сектор | / | Број на граѓанки кои ќе учествуваат на работилниците |
| 14 | Изработка на документ „ Анализа на потребите и проблемите на жените од разни урбани и месни заедници | ноември | Координаторка на комисијата за еднакви можности и интерсекторска група | / | |
| 15. | Организирање на традиционалниот „Женски маратон” 2023 година | март | Комисија за еднакви можности<br><br>Невладин сектор-Меридијан | 10.000 мкд | Број на пријавени учесници/чки на маратонот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Атлетик Еко | | |
| 16. | Поставување на билборд со порака за поддршка на жените жртви на насилство во чест на 16 дена активизам за насилство врз жените | ноември | Комисија за еднакви можности<br><br>Локална Самоуправа | / | Број на поставени билборди |

## 5.Следење и известување

Членовите на Комисијата за еднакви можности на Советот на Општина Кавадарци и Координаторката за еднакви можности ќе бидат одговорни за следење на реализацијата на активностите кои се предвидени во Програмата и ќе даваат сугестии во однос на имплементацијата на активностите и развојот на истите.

## 5.2. Извор на информации

Информации ќе се обезбедуваат од базата на податоци со кои располага општина Кавадарци, интерсекторката група, системот во кој има евиденција за потребите на граѓаните, невладините организации и анализите со кои располагаат, јавните претпријатија како и останати здруженија со кои општината има склучено меморандум.

## 5.3. Извештај за реализација на Програмата за КЕМ

За реализација на програмата ќе се изготвува наративен извештај од страна на координаторката за еднакви можности и ќе биде доставен до членовите на комсијата за еднакви можности и до Советот на општина Кавадарци.

Исто така координаторката за еднакви можности ќе изготви извештај за напредокот на мажите и жените во општина Кавадарци до Министерството за труд и социјална политика. Двата извештаи ќе бидат објавени на веб страната на општина Кавадарци.

Бр.08-348/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

20.01.2023 Претседател

д-р Стојанчо Рамов